- финансирање и администрација во ортодонтската пракса
- односи со јавност

**2. Употреба на компјутери (10 часа)**

Специјализантот треба добро да биде упатен во користењето на компјутер во клиничката ортодонција и работата со пациенти

**3. Ергономија (5 часа)**

Специјализантот треба да ги знае:

- оптималните позиции на пациентот, ортодонтот, асистентот, распоредот на инструменти за спроведување на специфичните клинички дејности
- најефективен редослед во спроведување на специфичните клинички постапки

4. **Легализација (10 часа)**

Специјализантот треба да има увид во:

- правила и закони кои се однесуваат на ортодонтската пракса
-одговорности и можности кои се однесуваат на судска тужба во случаите на несовесно лекување
- различни осигурувања
- постапки во случај на тужба

**5. Професионална етика (5 часа)**

Специјализантот треба да знае:

- да се однесува како ортодонт кој дава здравствена услуга и промовира здравје
- етички стандарди кои се однесуваат на односот со персоналот, пациентите и колегите

## 7. ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА ПО ПАРОДОНТОЛОГИЈА

### ПРОГРАМСКИ РЕЗУЛТАТ НА УЧЕЊЕТО

Во современите едукациски науки, резултатот на учењето е комбинирана компетенција која вклучува знаење и разбирање, заедно со мануелни, технички вештини и соодветен став.

Овие резултати од учењето се означени во курикулумот како: почетник, компетентен и вешт (способен). На ниво на специјализација нивото *почетник* не е применливо.

*Компетентен* значи: одговорен за изведба на постапки. Специјализантите би требало да ја завршат постапката во рамките на разумно време, време дадено за поединечни околности и задачи . Специјализантот покажува разбирање или увид во идејата која довела до одлука, способен е да дискутира за различните можни опции на лекување, но и соодветно да ја одбрани тераписката одлука. Едновремено, би требало да ги предвиди вообичаените проблеми, да ги издискутира и дефинира со колегите можните соодветни теpaписки можности. Специјализантот треба лесно да го одржува »професионалниот« контакт со пациентот и персоналот.

*Вешт* е: одговорен за изведба на постапки, без совети за завршување на задачата во соодветно(оптимално) време. Специјализантите би требало да бидат во можност во потполност да преземат мал број на постапки кои се вон вообичаените. Тие треба да покажат разбирање на индикациите, постапките и резултатите од постапките во дискусии со своите колеги. Специјализантите треба да бидат во можност да направат логичен, постепен, интегриран теpaписки план кој ги зема во предвид потребите на пациентот, неговите желби и степенот на соработка, но и лесно и точно да ги идентификуваат идните потреби.

На крајот од програмата од успешните специјализанти се очекува:

- **Компетентност** во разбирање на научните основи кои се важни за општата стоматологија, а особено за пародонтологијата.
- **Вештина** /способеноста/умешноста во разбирањето на сите подрачја на клиничката пародонтологија.
- **Компетентност** во разбирање на сите аспекти на клиничката и јавно здравствена стоматологија, вклучувајќи ги клиничката епидемиологија и стоматологијата базирана на докази (евиденце-басед дентистрѕ).
- **Компетентност** во разбирање на оние аспекти на клиничката медицина и хирургија релевантни за клиничката стоматологија. Тој/таа би требале да бидат компетентни во разбирање на сите можни интеракции помеѓу оралните и системските болести, како и во лекувањето на пародонтолошките проблеми кај медицински компромитираните пациенти.
- **Компетентност** во разбирање на оклузиските и протетските аспекти на оралната рехабилитација.
- **Компетентност** во разбирање на важните етички и социјални прашања кои влијаат на стоматолошката пракса, вклучувајќи ги и можните легални и професионални импликации на специјалистот пародонтолог.
- **Способност** (вештина) во изведба на презентација, дијагноза и терапија на заболувањата и нарушувањата на пародонтот.
- **Способност** (вештина) во изведба на соодветна дијагноза, одбирање на случаи, планирање на лекувањето и хируршките постапки за успешно вградување и одржување на оралните имплантати.
- **Способност** (вештина) во изведба на соодветна дијагноза и терапија на пери-имплантатните болести и компликации поврзани со имплантатите.
- **Компетентност** во проценка на научната литература, во поставување на издржани(квалитетни) истражувачки прашања и хипотези, во експерименталните дизајни(постапки), како и во спроведувањето и прикажувањето на резултатите од истражувачкиот проект.

Клиничката компетентност и вештина треба да се процени преку испити на компетентност и вештини кои специјализантот ги полага, а кои се осмислени да потврдат дека разбирањето и практичните вештини на специјализантот се такви да тие се подготвени да ја извршат клиничката вежба на сигурен и компетентен начин, без надзор. Овие испити треба да се одржат во соодветна околина, а од специјализантот се очекува да обезбеди соодветен пациент со соодветна потполна дијагностика и план на терапија. Од специјализантот се очекува да ги има подготвени и достапни сите клинички потреби за завршување на поставената задача.
Секој специјализант треба во потполност да ја документира секоја фаза на лекување (слики, модели, мерења) за да може да ги прикаже случаите на проценка. На специјализантот ќе му се овозможи посета на поликлиники/клиники каде се лекуваат пациентите пратени од страна на општите стоматолози.
Понатаму, за време на третата година на специјализацијата, специјализантите треба да ги посетат пародонтолошките поликлиники/клиники, за да добијат увид во прифатливиот начин на лекување на пациентите и нивното водење.
За да добијат увид во проблемите на планирањето на напреднатите случаи (комбинирани проблеми на пародонтални болести и протетски барања) специјализантите се поттикнуваат да бараат резултати на лекување на такви случаи.
По завршување на специјализацијата се очекува секој специјализант да биде во состојба да изведе широк дијапазон на тераписки модалитети. Документацијата на различните фази на терапија ќе придонесе во составувањето на прикази на случаи.
Попис на минимумот постапки/вештини во кои специјалистот пародонтолог треба да биде способен/вешт:
- Дијагноза и план на терапија на било кој пациент кој има пародонтална болест и/или потреба за надоместување на заб и/или реконструкција на пародонталните ткива.
- Нехируршката каузална терапија, вклучува и: субгингивален дебридман, употреба на системски или локални антимикробни средства, заедно со проценка и контрола на важните фактори на ризик, како што се престанок на пушење, соодветна мотивација за орална хигиена итн.
- Хируршка пародонтална терапија, вклучувајќи: пристапни резени, апикално поместени резни, регенеративни и ресективни зафати, постапки на пародонтална пластична хирургија и предпротетска хирургија.
- Хируршка имплантолошка терапија, вклучувајќи : хируршко поставување на дентални имплантати во сите подрачја на дентицијата кај потполно и делумно беззаби пациенти, коскени регенеративни постапки вклучуваат и коскени трансплантати, примена на мембрани, подигање на дното на синусот, како и хируршки постапки на меките ткива околу имплантатите.

## ДОЛЖИНА НА ТРАЕЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА

- Стручни последипломски студии и запишан турнус од областа на специјализацијата

**-ОПШТИ (заеднички) ГЛЕДИШТА НА СТОМАТОЛОГИЈАТА-1 месец„** вклучен во вкупното време на матичната област ПАРОДОНТОЛОГИЈА
**СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ТЕОРЕТСКА НАСТАВА 6 месеци.**
Влезен колоквиум за започнување на стажот
**ЕКСТЕРНИ ТУРНУСИ**
**- ОРАЛНА МЕДИЦИНА - 3 месеци (330 часа)**
**- ОРАЛНА ХИРУРГИЈА - 3 месеци (330 часа)**
**- ЕНДОДОНЦИЈА И РЕСТАВРАТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА - 1 месец (100 часа)**
**- СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА - 1 месец (100 часа)**
**- ОРТОДОНЦИЈА - 1 месец (100 часа)**

По завршување на екстерните турнуси се полагаат предвидените со програмите колоквиуми .

**-ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА БАЗИЧНИОТ ТУРНУС - 20 месеци,**
чиј крај е предвиден за *подготовка на семинарска работа* од областа пародонтологија.

- По завршување на целиот стаж, полагање на предвидените колоквиуми и изготвување на семинарската работа специјализантот полага ***ПРЕДИСПИТЕН ЗАВРШЕН КОЛОКВИУМ.***
**- СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ИСПИТ**
**- ГОДИШЕН ОДМОР - 3 месеци**
Вкупно 36 месеци (4800 часа)
Програмата на специјализацијата се базира на 40 часа неделно и 40 работни недели годишно, што изнесува 4800 часа во тек на три години.

**Програма на специјализацијата**

Програмата е организирана полни три години (6 семестра - 40 недели/годишно) и има 180 Европски кредити (ЕКТС). Академската содржина ќе биде 120 ЕКТС вклучувајќи и презентација на истражувањето.

Општа распределба на ЕКТС кредитите по години

| | Дидактичко учење | Учење и припрема | Проценка (испити) | Истражување | Клиничко учење | ЕЦТС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 година | 8 | 16 | 2 | 12 | 22 | 60 |
| 2 година | 8 | 16 | 2 | 12 | 22 | 60 |
| 3 година | 8 | 16 | 2 | 18 | 16 | 60 |
| вкупно | 24 | 48 | 6 | 42 | 60 | 180 |

**ДИДАКТИЧКО УЧЕЊЕ**

Овој дел од програмата осмислен е да осигура детални информации и дискусија за литературата која се однесува на различни теми. Од специјализантот се очекува да презентира апстракти(резимеа) и критичка проценка на значајни трудови или текстови за групна дискусија.

**Специјализацијата започнува со заедничкиот дел предвиден за сите специјалистички односно супспецијалистички програми при што овој период е вклучен во времето предвидено на матичната област. Специјализацијата продолжува со теоретската програма од соодветната -матична област, во временски период од 6 месеци, продолжува со турнусите и завршува со програмата од соодветната- матична област(практичен/клинички дел).**

**Во првите 3 месеци ќе бидат опфатени теоретските познавања посочени во прва година и 2-ра година, до темата Терапија на пародонтална болест-пародонтална хирургија, дефинирани како ПАРОДОНТОЛОГИЈА 1.**

**Теоретските програми од втора година, започнувајќи со Терапија на пародонтална болест-пародонтална хирургија и од 3-та година, ќе го чинат делот ПАРОДОНТОЛОГИЈА 2, во времетраење од 3 месеци.**

**ПРВА ГОДИНА**

Семинари и консултации (поуки и советувања)

Овој дел од програмата е осмислен да осигура детални информации и дискусија за литературата која се однесува на различни теми. Од специјализантот се очекува да презентира апстракти(резимеа) и критичка проценка на значајни трудови или текстови за групна дискусија.

***Теми од заедничкиот дел предвиден за сите специјалистички односно супспецијалистички програми***

-Научно-истражувачка работа
-Донесување на клиничка одлука
-Комуникациски вештини
-Тимска работа
-Управување на системот
-Способност за стекнување и пренесување на знаења
-Етика и прописите
-Промоција на здравјето

***Теми***

1. Биологија на пародонтот и орална физиологија
2. Микробиологија на денталниот плак и екологија на оралните микроби
3. Клинички карактеристики и дијагноза на пародонталните болести
4. Терапија на пародонталните болести - иницијална терапија
5. Функционална анатомија на главата и вратот.
6. Радиолошки и останати техники на снимање на заби.
7. Фармакологија.

***Цели***

Специјализантот:

- треба да ги познава биологијата, функцијата на клетките, интеракциите

помеѓу клетките, интеракциите клетка-матрикс, регулација на клеточната функција и улогата на цитокините и факторите на растот, да биде запознаен со принципите кои се однесуваат на зараснување на раните и регенерацијата. Оралната физиологије ќе даде акцент на функцијата на плунката и биологијата на цервикуларната (сулкусната)течност.
- треба да има детално знаење за составот на плакот, како и за хемиската и микробната структура, да биде запознаен со литературата која се однесува на врската на плакот и воспалителните пародонтални болести, да има основно разбирање на техниките на растење и тестовите за идентификација на бактериските видови, да биде запознааен со поврзаноста на исхраната и плакот, како и да ги знае различните теории на создавање на забен камен. Ова се учи во контекст на микробиолошката екологија на кожата и мукозните површини.
- треба да биде запознаен со истражувањата кои ја покажуваат врската помеѓу гингивитот и плакот, да биде во потполност запознаен со клиничките карактеристики и дијагнозата на хроничните и акутните облици на гингивитите и етиолошките фактори кои се однесуваат на овие воспалителни процеси, да биде во потполност заопознаен со клиничките карактеристики на хроничната, адултна пародонтална болест, пародонталните болести кај деца и млади лица, рапидната прогресивна пародонтална болест и диференцијалната дијагноза на овие проблеми.
- треба да биде во потполност запознаен со литературата која се однесува на значењето на оралната хигиена, обработката на коренската површина-стругање и полирање (рачни и ултразвучни инструменти) врз воспалителните болести на гингивата и пародонтот.
- треба да биде запознаен со различните анатомски карактеристики на главата и вратот вклучувајќи го и темпоромандибуларниот зглоб и нивните меѓусебни функционални аспекти.
- треба да биде запознаен со интерпретацијата на нормалните и патолошките структури кои може да се видат на ртг-наодот на усната празнина, да биде свесен за достапните техники за детекција на промените на висината на коската на ртг-сликата.
- треба да има знаење за дејството на често употребуваните аналгетици, противвоспалителните и антимикробните средства, проблемот на интеракција на лековите треба да биде расветлен.

## ВТОРА ГОДИНА

**Семинари и консултации** (советувања и поуки )
По сеопфатна расправа за патогенезата на пародонталните болести причинети со плакот и епидемиологијата на пародонталните болести, во овој дел од програмата ќе се посвети внимание на проценката на различните тераписки модалитети и поврзаноста на етиологијата и терапијата на пародонталните болести и останатите дисциплини на стоматологијата. Методите на дискусија на раличните теми (семинари / консултации поуки и советувања) се исти како и во првата година.

***-Теми***

- Патогенеза на пародонталните болести причинети со плак: улогата на одговорот на домаќинот.
- Епидемиологија на пародонталните болести.
- Манифестации на системските нарушувања во усната празнина.
- Медицински компромитирани пациенти.
- Антимикробно лекување на пародонталните болести.
- Оклузална траума.
- Терапија на пародонталните болести- пародонтална хирургија.
- Терапија на фуркациите.
- Поврзаност на пардонталните болести и терапијата со другите дентални дисциплини.
- Одржување.
- Бихевиористички познавања.

**Цели**

Специјализантот:

- треба да го разбере хистопатолошкиот развој на пародонталните болести и механизмите на патогеноста на инфламацијата, да ги разбере имунолошките реакции во патогенезата на гингивалната инфламација и лезиите кои ги зафаќаат подлабоките ткива.
- треба да биде запознаен со главните истражувања кои воделе до денешните тераписки модалитети за поединецот и заедницата.
- треба да биде во потполност запознаен со системските нарушувања кои можат да го модифицираат одговорот на пародонталните ткива врз пародонталните болести причинети со плакот, да биде свесен за оние системски болести кои можат да се манифестираат на пародонталните ткива, со или без веќе постоечки воспалителен одговор причинет со плакот.
- треба да знае како на најдобар начин да земе анамнеза и врз база на тоа да го процени степенот на ризик (со употреба на модифицирана верзија на АСА-вредностите или други научно проверени методи).
- треба да има широко знаење за влијанието на антибиотиците врз бактериите кои се поврзани со воспалителните пародонтални болести,да ги знае научните сознанија од научните трудови, статии кои ги споредуваат ефектите од антибиотското лекување и механичкото лекување, да биде во потполност запознаен со улогата на антисептиците во контролата на бактерискиот плак, но и за корисноста на примената на овие средства во лекувањето на гингивитите и пародонтопатиите.
- треба да биде запознаен со литературата која се однесува на оклузалната траума. Ова ги вклучува и клиничките и хистолошките промени поврзани со трауматската оклузија и модифицирачките фактори на овој проблем кога доаѓа заедно со воспалителната пародонтална болест, да ја знае улогата на различните тераписки модалитети кои се користат во лекувањето на патолошката оклузија.
- треба да биде запознаен со историската основа поврзана со развојот на различните хируршки методи во лекувањето на пародонтолошките проблеми, да биде во потполност запознаен со следните техники, нивните индикации и контраиндикации, предностите и недостатоците

како и ефектите: гингивектомија, апикално поместен резен и модифициран Widman-ов резен со или без коскена хирургија, мукогингивална хирургија, електрохирургија и водена тквивна регенерација (ВТР). Последната тема (ВТР) го воведува проблемот на новиот припој наспроти повторниот припој, а специјализнатот треба во потполност да ги познава истражувањата кои се однесуваат на оваа тема.
- треба да има потполно разбирање за лекувањето на фуркациите и начините на дијагностика. Специјализантот треба да биде запознаен со истражувањата кои ги проценуваат различните тераписки модалитети.
- треба да има знаење за поврзаноста на пародонталните болести со пулпата и за различните пристапи во терапијата, да ја разбере улогата на ортодонцијата, реставративната и протетската терапија во завршната фаза на терапија.
- треба да ја разбере важноста на (потпорната терапија)терапијата на одржување, а треба во потполност да ги знае истражувањата кои се однесуваат на проценката на (потпорната терапија)терапијата на одржување.
- треба да ја разбере науката која се однесува на промената на начинот на однесување (вклучувајќи и престанок на пушењето и совети за исхраната).

**ТРЕТА ГОДИНА**

**Семинари и консултации**(советувања и поуки)

Овој дел на програмата е осмислен да осигура потполно знаење во врска со имплантологијата. По основното знаење за остеоинтеграцијата и патогенезата на периимплантитисот причинет од плакот, вниманието ќе се насочи кон проценка на различните тераписки модалитети. Начините на дискусија за различните теми- семинари и консултации(советувања и поуки) исти се како и во претходните години.

**Теми**

- биологија на коската
- поставување на имплантати
- површини на имплантатот/остеоинтеграција/врска со меките ткива
- воспалителни реакции во мекото ткиво околу имплантатите
- патологија на периимплантатна коска
- микробиолошки аспекти кои се однесуваат на имплантатите
- оклузално оптеретување
- терапија на периимплантитисот
- поврзаност на терапијата со имплантати со останатите стоматолошки дисциплини.
- одржување

**Цели**

**Специјализантот:**

- треба да биде запознаен со механизмите на создавање на коската, заздравување на алвеолата, коскени трансплантати, водена регенерација на коската. Специјализантот би требало да ги разбере

клеточните реакции во процесот на создавање и ремоделирање на коскаta.
- треба да ја знае историската база на развојот на денталните имплантати и различните видови материјали на имплантати кои во моментот се применуваат. Специјализантот треба да ги разбере индикациите и контраиндикациите кога се разгледува поставувањето на различните имплантати, нивните предности и недостатоци. Специјализантот треба да биде во потполност запознаен со денешните имплантати, обликот на резенот, положбата и насоката на имплантатот, кортикалната стабилизација и времето на заздравување, треба да ги знае естетските аспекти на поставување на имплантати.
- треба да има потполно разбирање на процесот на остеоинтеграција, како и на биологијата на трансмукозниот припој.
- треба да биде запознаен со (клеточните) имунолошките механизми вклучени во воспалителниот одговор во меките ткива околу имплантатот.
- треба да биде запознаен со различните (клеточни) процеси кои водат до губиток на коската.
- треба да има широко знаење за бактериската флора на оралните мукозни мембрани кај лицата со или без заби или имплантати како и за биофилмовите формирани околу забите и имплантатите. Ова ја вклучува субгингивалната бактериска флора.
- треба да биде во потполност запознаен со ефектот на директното или недиректното оптеретување.
- треба да има широко знаење за ефектот на механичкото/хируршкото или антимикробното лекување на периимплантитисот.
- треба во потполност да ја знае реставративната и протетската терапија во завршната фаза на лекување,треба да ја знае улогата на ортодонтската терапија.

**ИСТРАЖУВАЊЕ**

Специјализантот ќе биде вклучен во истражувачкиот програм на катедрата , клиниката за пародонтологија или соодветен специјалистички центар со кој постои соработка. По завршување на специјализацијата истражувањето ќе биде презентирано пред комисија на проценка и дискусија.

**Прва година**

**Цели**

Со осмислување и изведба на истражувачката работа специјализантот се запознава со потешкотиите кои се јавуваат кај пародонтолошките истражувања. На крајот на првата година сета пилот работа би требало да биде завршена и би требало да биде завршен документот со конечниот истражувачки протокол.

**Втора година**

**Цели**

За време на втората година специјализантите треба да го извршат истражувачкиот протокол. До крајот на втората година специјализантот треба да ги заврши сите мерења во истражувањето. На специјализантот ќе му се овозможат предавања по биостатистика. Организацијата на

предавањата, бројот на контакт часови и времето на подготовка ќе се одредат на почетокот на втората година.

**Трета година**
**Цели**
Специјализантот треба да напише ревијален труд на македонски или англиски јазик поврзан со темата на истражувањето, да се изврши статистичка анализа на добиените податоци. Резултатите треба да се презентираат во пишан облик погоден за публикација во домашен или меѓународен научен часопис на македонски или англиски јазик. Ревијалниот труд заедно со истражувачката работа ја сочинуваат дисертацијата на специјализацијата.

**КЛИНИЧКО УЧЕЊЕ**
Овој дел од програмата е осмислен да му овозможи на специјализантот да ги постигне потребните клинички вештини за превенција и терапија на пародонталните болести на највисоко можно ниво, како и да осигура имплантолошка терапија кога е таа потребна. Клиничките вештини се усвојуваат за времето на 3 годишната едукативна програма.
**Цели**
- Специјализантот треба да биде во состојба да ги препознае различните облици на пародонталните болести за да може за секој пациент да постави дијагноза и изработи план на терапија.
- Секој специјализант треба потполно да ја документира секоја фаза на терапија (слики, модели, мерења) за да може да ги презентира случаите на проценка.
- На специјализантот треба да му се овозможи посета на клиника, специјалистичките центри во кои пациентите ги лекуваат специјалисти.
- Понатаму, за време на третата година специјализантите треба да ги посетат пародонтолошките клиники за да добијат увид во соодветниот прием и терапијата на пациентите.
- За да добијат увид во проблемите на планирање на лекувањето на компликувани случаи (комбиниран проблем на пародонтална болест и севкупна ресталративна и протетска рехабилитација) специјализантите се упатуваат на запознавање со резултатите на лекување на таквите случаи.
- По завршување на специјализацијата се очекува дека секој специјализант е во можност да изврши широк распон на тераписки модалитети. Документацијата од различните фази на лекување ќе придонесе во создавањето на прикази на случаи.

**Клинички барања**
- Предклиничко вежбање
- Иницијална терапија
- Оклузална/ортодонтска терапија
- Хируршка терапија
- Терапија на одржување
- Имплантолошка терапија

Специјализантот:

- се запознава со препорачаните инструменти за иницијална терапија и учи како да ги одржува овие инструменти. Понатаму, ги учи ергономските аспекти на позиционирање на овие инструменти во устата. Конечно специјализантот се запознава со хируршките инструменти, а овозможено му е да ги вежба различните хируршки техники на модели,( анимални) вилици.
- треба да биде во состојба темелно да ги истражи пародонтолошките проблеми и детално да ги документира, да биде способен да постави дијагноза и да сугерира план на терапија, со различни алтернативи. Кога тоа е неопходно, специјализантот треба да го дискутира и дефинира планот на терапија со стоматологот кој го пратил пациентот и да се осигура дека реставративниот аспект на терапијта е правилно интегриран во пародонталната терапија. Специјализантот треба да биде во состојба да ја изврши иницијалната терапија-инструкциите за орална хигиена,обработка на коренската површина (стругање и полирање) (ултразвучни и рачни инструменти) за да воспалителниот процес го стави под што е можно подобра контрола. Кога е можно специјализантот ќе се поттикнува да ги обави сите потребни реставративни и ендодонтски лекувања.
- треба да има увид во проблемите кои произлегуваат од оклузалната траума вклучувајќи ги и ортодонтските аспекти и пореметувања на темпоромандибуларниот зглоб. Кога овие проблеми ќе се појават ќе ги лекува стоматологот кој го упатил пациентот или специјалистот од таа област.
- треба да биде вешт во следните техники и да биде во состојба да ги изведе постапките кога е индицирано, вклучувајќи ја и подоцнежната грижа:
- гингивектомија/локална ексцизија
- модифицирана операција по Њидман
- апикално поместен резен
- ресекција/хемисекција на корен
- мукогингивална хирургија
- регенеративна пародонтална хирургија
- треба да биде во состојба да ги процени резултатите од својата терапија и да ги изведе натамошните постапки потребни за одржување на резултатите.
- треба да биде во состојба да ја изврши хируршката имплантолошка терапија, вклучувајќи и хируршко поставување на имплантати во сите подрачја на дентицијата кај потполно и делумно беззаби пациенти, коскените регенеративни постапки вклучувајќи ги трансплантатите, техниките на мембрани, подигање на дното на синусот и хируршки зафати на меките ткиви околу имплантатите. Понатаму, специјализантите треба да бидат во состојба да го изведат потребното одржување на имплантатите.

**ДОКУМЕНТАЦИЈА НА СЛУЧАИТЕ**

За време на втората година специјализантите треба да ги презентираат различните фази на терапија на своите пациенти за дискусија во рамките

на групата. Акцентот треба да се стави на дијагнозата и планирањето на лекувањето.

*Упатства за документирање на случаите*

Приказот на случај ги содржи следните податоци:

1. Потполна анамнеза, вклучувајќи ја и медицинската, проценка на очекувањата на пациентот и тераписките желби, проценка на мотивираноста на пациентот.
2. Клинички преглед:

- интраорален и екстраорален. Интраоралниот преглед вклучува податоци кои се однесуваат на функционалната состојба на гингивата, длабочината на сондирање, губитокот на припојот(атачментот), зафатеноста на фуркациите и состојбата на оралната слузница. Каде што е потребно, треба да се евидентира реставративниот статус и виталноста на пулпата.

Прегледот ги вклучува и индексите на плакот и крвавењето.

3. Радиолошки преглед:

Потполно презентирање на ртг мали слики, заедно со вертикалните слики во загризна трака (bite wings). Треба да се даде потполна проценка на ртг сликите од дијагностичка гледна точка.

4. Фотографски статус:

Треба да се презентираат следните слики:

а. Поглед однапред на обете вилици со заби во контакт
б. Букален поглед на латералните аспекти на обете вилици
в. Палатинален/лингвален поглед на обете вилици
г. Оклузален изглед на горна и долна вилица

Фотографската документација треба да овозможи проценка на клиничкиот статус на иницијалниот преглед, за време на лекувањето и на крајот од лекувањето. Кога е можно, фотографиите треба да се сликаат за време на лекувањето за да се покажат различните постапки.

5. Специјални тестови: Кога е индицирано се прават бактериолошки и/или хематолошки тестови
6. Модели: Во случаи каде се присатни оклузални нарушувања, треба да се направат ортодонтски модели. Исто така, треба да се направат работни модели на сите случаи.
7. Дијагноза: треба да се однесува на целиот случај како и на секој поединечен заб.
8. Етиологија: треба да се презентираат главните причини и предиспонирачки фактори.
9. Прогноза: треба да се однесува на севкупната ситуација како и на секој поединечен заб.
10. План на терапија: Планот на терапија треба детално да се опише заедно со можните алтернативи.
11. Напредување на лекувањето: Преземеното лекување треба детално да се опише заедно со моменталната проценка, вклучувајќи ги и сите аспекти на документацијата. Исто така треба да се забележи и времето проведено на различните аспекти на лекување.

**ПРОЦЕНКА**

За време на програмата на учесниците ќе им се проценува работата:

- по секоја серија на семинари се одржува испит

- шест месеци по започнување на програмата и на крајот на секоја академска година, ќе се проценува клиничката работа на секој специјализант.
- на крајот на секоја академска година, треба да се добие преодна оценка за сите испити и проценки, за да може специјализантот да помине во следната година.
- во секоја академска година неположениот испит може да се повтори само еднаш. Ако клиничката работа на специјализантот е незадоволителна, на специјализантот може да му се даде дополнително време. Ова дополнително време е достапно само во првата академска година.
- во третата година времето на работа на клиниката на Универзитетскиот клинички центар за пародонтологија при Стоматолошкиот факултет или каде е достапно на акредитирана специјалистичка пародонтолошка клиника треба да се поминува реално. Специјализантот треба да покаже вештина во клиничкото лекување на случаите, која вклучува пародонтологија и терапија со орални имплантати.
- на крајот од третата година ќе се одржи завршниот колоквиум, пред соодветна Комисија од факултетот во која не е член менторот.
Специјализантот може да го полага истиот(завршниот колоквиум) откако ги положил сите испити за време на програмата, Пародонтологија 1 и 2 кај менторот, а клиничката изведба е проценета како вешта, кандидатот способен за истата.

ЗАВРШЕН ИСПИТ
Се состои од :
Практичен испит- 3 случаи
Презентација на семинарски труд
Теоретски испит
На завршниот испит специјализантот треба пред испитната комисија да презентира три, во потполност, документирани случаи. Специјализантот треба да биде во состојба да учествува во дискусија за дијагностичките елементи и планот на терапија. Понатаму, специјализантот треба да биде подготвен да одговори на прашањата кои се однесуваат на пародонтологијата општо. Покрај тоа, специјализантот треба да ја презентира својата специјалистичка работа на испитната комисија. Специјалистичката работа треба да содржи најмалку два дела - преглед на литературата и известување за спроведеното истражување, презентирано во облик погоден за публикација во научен часопис. Специјализант треба да ја одбрани својата работа во присуство на членовите на испитната комисија.

**ТУРНУСИ (КРУЖЕН СТАЖ)**

**ОРАЛНА МЕДИЦИНА** - 3 месеци
Во теоретскиот дел специјализантот се запознава со: анатомските и хистолошки карактеристики на оралната слузница, патолошките карактеристики на оралната слузница и нивната симптоматологија, фактори на одбраната во усната празнина, оралните болести како одраз на општите болести, системските автоимуни нарушувања и оралните

манифестации. Во практичната работа кандидатот ги дијагностицира оралните болести и ја спроведува терапијата на оралните фокуси, мукокутаните автоимуни нарушувања на оралната слузница, имунодефициjенцијата со орални манифестации, оралните алергиски реакции, преканцерозните орални лезии и состојби, повреди на оралната слузница, болестите на плунковните жлезди, бактериските инфекции на оралната слузница, вирусните и габични инфекции на оралната слузница.
Колоквиум

**ОРАЛНА ХИРУРГИЈА** - 3 месеци
Специјализантот се запознава со базичните начела на хирургијата, го стекнува потребното знаење од анестезиологија, оралнохируршките зафати кај одонтогени инфекции, хируршка обработка на трауматизирани заби, хемостаза, хируршка обработка на рани, компликации при примена на анестетици, специфичности на општа анестезија, трауматски шок, реанимација, за да може самостојно да изведува пародонтолошки-хируршки зафати. Препознавање на гнојни и специфични воспалителни процеси во областа на лицето, вилиците и устата, хируршките можности на лекување, како и инцизија на субмукозен абсцес. Индикации за одделни оперативни зафати и запознавање со оперативните методи. Базичните принципи на оралната имплантологија со индикациите од оралнохируршки аспект.
Колоквиум

**ЕНДОДОНЦИЈА И РЕСТАВРАТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА** - 1 месец
Во практичната работа специјализантот се запознава со проблематиката на терапија на ендодонтот со посебен осврт на пулпопародонталните проблеми на пулпиниот простор, патолошките минерализации на пулпата и периапексниот простор. Специјализантот самостојно го врши лекувањето и третирањето на ендодонтот кај комбинирани инфекции на пулпата и пародонтот. Се запознава со основите и техниките на ендодонтската хирургија.
Колоквиум

**СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА** - 1 месец
Специјализантот се запознава со техничкиот и биофизикалниот аспект на фикснопротетските и мобилните надоместоци, со селекцијата на забите на редуцираниот пародонт, гнатолошко-пародонтолошкиот аспект на оклузијата. Специјализантот ја планира протетската рехабилитација на пародонтот на инсуфициентното забало. Се запознава и ја планира имплантнопротетската рехабилитација.
Колоквиум

**ОРТОДОНЦИЈА** - 1 месец
Специјализантот се запознава со дијагностиката на ортодонтските аномалии со посебен осврт на терапискиот пристап и можностите на терапија кај редуцираните потпорни структури на забите.
Колоквиум.